Република Северна Македонија
НУ Национален конзерваторски центар - Скопје

Бр. 04-486/6
27.10.2026 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024) и Предлог за вработување на кандидат бр. 10-1733/12 од 26.10.2026 година по Јавен оглас бр. 639/2026, директорот на националната установа ја донесе следната

О Д Л У К А

за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас

1. По јавниот оглас бр. 639/2026 објавен на 14.9.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, за вработување на административен службеник во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, се избира:

   - Кандидатот со идентификациски код A7BF099, Теодора Јамандиловска, за работно место КУЛ0102В02002, Виш соработник за административни, општи и правни работи, Виш соработник за општи и заеднички работи и човечки ресурси, Оддел за правни и административни работи, Одделение за правни, административни и општи технички работи, Сектор за правни, финансиски, административни и општи работи.

2. Именуваната ќе биде вработена на неопределено време на работно место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 14.9.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е оглас бр. 639/2026 за вработување на административен службеник во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Со решение бр. 10-1733/7 од 18.9.2026 година, формирана е Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација. Комисијата за селекција на вработувањето по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр. 10-1733/8 од 30.9.2026 година.

На ден 19.10.2026 година спроведен е испит за административен службеник и изготвен е Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-1733/10 од 19.10.2026 година.

На ден 22.10.2026 година спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1733/11 од 22.10.2026 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и спроведеното интервју и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за вработување на кандидат бр. 10-1733/12 од 26.10.2026 година, по Јавен оглас бр. 639/2026. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла во Агенција за администрација.

Д И Р Е К Т О Р,

м-р Александар Јорданоски

Доставено до:
- Агенција за администрација (2);
- архива (1);
- избраниот кандидат (1).